# Скопје - градот на меѓународната солидарност

НАСТАВНИЦИ РЕАЛИЗАТОРИ: ЖАНА ЖИВАДИНОВИЌ, ЕНВЕР АЈДИНИ, ТАТЈАНА СРЦЕВА-ПАВЛОВСКА, АРБЕН КРИВЕЊЕВА, СОУ „АРСЕНИ ЈОВКОВ" – СКОПЈЕ

**Година и предмет**
Втора година (24 ученици – 13 МАК и 11 АЛБ)
Англиски јазик

**Мултикултурна работилница**

**Преглед на активноста**
Ученици средношколци од различни етнички заедници учествуваат во мултимедијална работилница под наслов „Скопје, градот на меѓународна солидарност", која има за цел меѓусебно да се зближат, да развиваат чувства на емпатија и солидарност и да развиваат вештини за комуникација на англиски јазик. Фокусот на учениците во воведната активност се насочува на презентацијата со слики што промовираат заедништво и со учениците отпочнува дискусија за значењето на поимот СОЛИДАРНОСТ и за разликата помеѓу поимите добротворни цели и солидарност. Од учениците се бара да дадат директни примери за двата поими и се разговара за важноста да им се помага на другите. Потоа се прикажува видеоснимка од постземјотресно Скопје. Учениците во групи добиваат задача да го опишат изгледот на Скопје по земјотресот и чувствата на луѓето погодени од катастрофата и да сумираат како се чувствуваат што различни луѓе помогнале за повторна изградба на Скопје. Активноста продолжува со покажување на слајдови за војната во Сирија, за условите во кои луѓето таму се наоѓаат, за податоците од истражувањето и сведочењето на бегалците за опциите со кои се соочуваат на бегалските рути. По прикажување на слајдовите, учениците дискутираат за прашањето што би правеле тие да се од Сирија? Следуваат слајдови во кои се опишува ситуацијата на децата бегалци во камповите на граница и кратки видеа по кои се води дискусија за сличностите и разликите во кои се наоѓале/наоѓаат луѓето погодени од природна катастрофа или војна. Во завршната активност учениците директно се вклучуваат во конкретен акт на солидарност, подготвувајќи новогодишни пакетчиња за децата бегалци за да им го ублажат престојот минимално и барем за момент да ги ги израдуваат децата бегалци во камповите. Како заокружување на активностите се извлекува заклучок (заеднички од сите учесници) за универзалните човекови вредности и важноста од емпатија, помагање во неволја и здружување, нагласувајќи дека сите сме луѓе од крв и месо и подеднакво чувствуваме и болка, но и љубов, без разлика на сите различности што само навидум нè одвојуваат.






# Shkup, qyteti i solidaritetit ndërkombëtar

MËSIMDHËNËS REALIZUES: ZHANA ZHIVADINOVIQ, ENVER AJDINI, TATJANA SËRCE-VA-PAVLLOVSKA, ARBEN KRIVENJEVA, SHMK "ARSENI JOVKOV" – SHKUP

**Viti dhe lënda**
Viti i dytë (24 nxënës – 13 MAQ dhe 11 SHQ)
Gjuhë angleze

**Punëtori multikulturore**

**Pasqyra e aktivitetit**
Nxënës të shkollave të mesme nga bashkësi të ndryshme etnike marrin pjesë në punëtorinë multimediale me titull "Shkupi, qytet i solidaritetit ndërkombëtar", qëllimi i së cilës është afrimi ndërmjet tyre, zhvillimi i ndjenjave të empatisë (ndjeshmërisë) e të solidaritetit dhe zhvillimi i shkathtësive për komunikim në gjuhën angleze. Fokusi i nxënësve në aktivitetin hyrës drejtohet në prezantimin me figura, të cilat promovojnë jetën e përbashkët dhe me nxënësit fillon diskutimi për rëndësinë e nocionit SOLIDARITET dhe për dallimin ndërmjet nocioneve qëllime bamirësie dhe solidariteti. Prej nxënësve kërkohet që të japin shembuj të drejtpërdrejtë për të dy nocionet dhe bisedohet për rëndësinë që t'u ndihmohet të tjerëve. Pastaj paraqitet video-regjistrimi nga Shkupi pas tërmetit. Nxënësit në grupe marrin detyrë që të përshkruajnë pamjen e Shkupit pas tërmetit dhe të ndjenjave të njerëzve të prekur nga katastrofa dhe të bëjnë përmbledhjen se si ndihen që njerëz të ndryshëm kanë ndihmuar për ndërtimin e serishëm të Shkupit. Aktiviteti vazhdon duke treguar sllajde për luftën në Siri, për kushtet në të cilat gjenden njerëzit atje, për të dhënat nga kërkimi dhe dëshmitë që kanë dhënë refugjatët për opsionet me të cilat ballafaqohen në rutat e ikjeve. Pasi të jenë treguar sllajdet, nxënësit diskutojnë për çështjet se çka do të kishin bërë ata po të kishin qenë nga Siria? Vijojnë sllajdet ku përshkruhet situata e fëmijëve refugjatë në kampet në kufi dhe video të shkurtra, pas të cilave zhvillohet një diskutim për ngjashmëritë dhe dallimet në të cilat janë gjendur/gjenden njerëzit e prekur nga katastrofat natyrore ose nga lufta. Në aktivitetin përfundimtar nxënësit përfshihen drejtpërdrejt në akt konkret solidariteti, duke përgatitur paketa të vitit të ri për fëmijët refugjatë, me qëllim që minimalisht t'ua zbutin qëndrimin dhe së paku për një moment t'i gëzojnë fëmijët refugjatë në kampe. Si përmbledhje e aktiviteteve, nxirret konkluzioni (bashkë, nga të gjithë nxënësit) për vlerat njerëzore universale dhe për rëndësinë nga empatia, ndihma dhe bashkimi në rast nevoje, duke theksuar se të gjithë jemi njerëz prej gjaku dhe prej mishi dhe njësoj ndjejmë edhe dhembje, por edhe dashuri, pa i marrë parasysh të gjitha dallimet, të cilat vetëm në pamje të parë na ndajnë.



Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education